Врз основа на член 112 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 236/22) и член 31-в од Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (скратен назив: НОМАГАС АД Скопје), по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со Решение за одобрување на бр.11-1855/6 од 09.10.2023 година, неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје на шеснаесеттата седница, одржана на ден 20.10.2023 година, по точка 2 од дневниот ред, донесоа

# ПРАВИЛНИК
## за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност

### Општи одредби
### Член 1

Со овој Правилник се пропишува уредувањето на условите и критериумите за именување, мандатот на службеникот за усогласеност (во понатамошниот текст: службеник) на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, НОМАГАС АД Скопје (во понатамошниот текст: НОМАГАС АД Скопје), вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат, делокругот на работа, неговите работни обврски и овластувања во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, услови за работа, слободен пристап на информации, престанок на мандатот и постапка за разрешување.

### Член 2

Службеникот го именуваат неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

### Услови и критериуми за именување на службеник за усогласеност
### Член 3

За службеник може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија;
2. со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС - VIA, или завршен (поранешни степени) VII/1 степен од областа на техничките науки, економијата или правото;
4. да има најмалку 6 (шест) години работен стаж од кои најмалку 3 (три) години од областа на енергетиката;
5. активно да го владее англискиот јазик и да поседува доказ за истото;
6. да нема интерес или било каков деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар;
7. да нема никаков деловен однос или друга финансиска корист со друштва од енергетскиот сектор или друштва корисници на системот за пренос на природен гас, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар;
8. најмалку една година пред објавувањето на јавниот оглас за службеник за усогласеност да не бил во работен однос и да немал никаков деловен однос или друга финансиска корист со трговци со природен гас, снабдувачи на природен гас или балансно одговорна страна на пазарот на природен гас или со нивните содружници или акционери, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар.

### Член 4

(1) Службеникот се избира на јавен оглас.

(2) Јавниот оглас се објавува на веб страницата на НОМАГАС АД Скопје и во најмалку два дневни весника, кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас изнесува 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден од објавувањето на јавниот оглас.

(4) Разгледувањето на пријавите доставени од кандидатите по огласот од став (2) на овој член го врши Комисија која ја формираат неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД, составена од три члена и нивни заменици, од редот на вработените во НОМАГАС АД Скопје.

(5) Комисијата од став (4) на овој член по разгледувањето на пријавите, изготвува извештај со предлог кандидати и истиот го доставува до неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, во рок од 10 (десет) работни дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите.

(6) Неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје во рок од 5 (пет) работни дена, од денот на доставување на извештајот од Комисијата од став (5) на овој член донесуваат одлука за именување на службеникот.

(7) Одлуката од став (6) на овој член неизвршните членови на одборот на директори НОМАГАС АД Скопје ја донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на неизвршни членови на одборот на директори и истата ја доставуваат на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика.

(8) Одлуката од став (6) на овој член произведува правно дејство по нејзино одобрување од Регулаторна комисија за енергетика. По одобрување на одлуката од Регулаторна комисија за енергетика, Претседателот на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје склучува договор за уредување на односите меѓу НОМАГАС АД Скопје и службеникот (менаџерски договор), согласно закон.

(9) Комисијата од став (4) на овој член во рок од 5 (пет) работни дена од денот на одобрувањето од став (8) на овој член писмено ги известува другите кандидати за донесената одлука и им ги враќа доставените документи.

(10) Ако Комисијата од став (4) на овој член констатира дека ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува условите од јавниот оглас, изготвува извештај за неуспешно спроведена постапка за јавен оглас и го доставува до неизвршните членови на одборот на директори НОМАГАС АД Скопје во рок од 10 (десет) работни дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите и за тоа писмено ги известува кандидатите и им ги враќа доставените документи.

(11) За неуспешно спроведената постапка за јавен оглас неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје во рок од 5 (пет) работни дена сметано од доставувањето на извештајот од став (10) на овој член донесуваат одлука за неуспешно спроведена постапка за јавен оглас и распишување на нов јавен оглас, за што ја известуваат Регулаторната комисија за енергетика.

(12) Нов јавен оглас може да се објави по истекот на 5 (пет) работни дена од денот на донесувањето на одлуката од став (11) на овој член.

(13) Ако Регулаторната комисија за енергетика не го одобри именувањето на службеникот, се применуваат одредбите од став (11) и став (12) на овој член.

**Мандат на службеникот за усогласеност**
**Член 5**

(1) Мандатот на службеникот изнесува 5 (пет) години, со право на реизбор за уште еден мандат.

(2) За време на својот мандат, службеникот не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери, за што со почетокот на неговиот мандат ќе достави изјава заверена на нотар.

(3) Службеникот е должен најдоцна 30 (триесет) дена пред истекот на мандатот, да изготви сеопфатна листа на документи што ги поседува, како и конечен извештај за своите активности кои ги доставува до неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.

**Делокруг на работа на службеникот за усогласеност**
**Член 6**

(1) Службеникот континуирано ја следи усогласеноста на работењето на одборот на директори и вработените во НОМАГАС АД Скопје со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје.

(2) Заради постигнување на усогласеноста од ставот (1) од овој член службеникот презема активности и мерки и најмалку еднаш во три месеци доставува извештаи за следењето на усогласеноста на работењето во НОМАГАС АД Скопје и за преземените мерки до неизвршните членови на одборот на директори и до Регулаторната комисија за енергетика, а по нивно барање и почесто.

(3) Службеникот во рамки на своите овластувања утврдени согласно Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и овој Правилник е должен:

1. да го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност и да изработи и достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај за преземање мерки за нејзино спроведување,

2. доставува извештаи до неизвршените членови на одборот на директори во својство на орган на надзор и да дава препораки во однос на програмата за усогласеност и нејзината реализација,
3. ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведување на програмата за усогласеност,
4. ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас, истовремено кога органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас ги доставува тие одлуки до неизвршените членови на одборот на директори во својство на орган на надзор,
5. континуирано да ги следи и оценува деловните активности на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активностите со важечките законски и/или подзаконски прописи, Програмата за усогласеност, Статутот и другите акти на НОМАГАС АД Скопје,
6. да прави процена на изложеноста на ризик од појава на било каков облик на перење на пари и/или корупција и да презема мерки за превенција и нивно спречување во согласност со важечките законски прописи за спречување на корупција и за спречување на перење пари при што соработува со службата за внатрешна ревизија и соодветните стручни служби на НОМАГАС АД Скопје,
7. да ги извести неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје за потенцијален или постоечки судир на интереси на вработените во НОМАГАС АД Скопје,
8. да обезбеди консултации во однос на спречување и/или отстранување на потенцијален или постоечки судир на интереси, како и да предлага превентивни и/или корективни мерки,
9. да врши едукација, советување, обуки и информирање на одборот на директори и вработените на НОМАГАС АД Скопје со цел постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност при работењето, превенција од секаков облик на перење на пари и/или корупција, како и спроведување и примена на Програмата за усогласеност,
10. да присуствува на седниците на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ако согласно доставениот дневен ред за таа седница процени дека се содржани точки кои се во делокругот на неговите обврски и овластувања а особено на седниците кога се одлучува за:,
    - условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата;
    - проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети и
    - набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.
11. да го следи исполнувањето на обврските на вработените во однос на реализација на Програмата за усогласеност,
12. да обезбеди доверливост на деловните податоци и безбедно, одговорно и соодветно управување со податоците, како и за заштита на личните податоци согласно позитивните законски и подзаконски прописи,
13. да прави проценка за потребата од измена и дополнување на интерните акти на НОМАГАС АД Скопје и да предлага донесување на нови интерни акти,
14. да соработува со секторите/подружниците во НОМАГАС АД Скопје и нивните стручни оддели/служби/одделенија,
15. да ја следи усогласеноста на процесот на работа во НОМАГАС АД Скопје со Законот за енергетика и другата позитивна законска рамка и каде е што е потребно да презема дополнителни корективни мерки и активности,
16. да врши и други работи согласно Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Програмата за усогласеност.

**Член 7**

(1) Службеникот при извршување на своите работни обврски и овластувања особено ги има во предвид:
1. Десетгодишниот план за развој на системот за пренос на природен гас,
2. Едногодишните, петгодишните и десетгодишните прогнози за побарувачката на природен гас во Република Северна Македонија
3. Плановите за инвестирање во системот за пренос на природен гас
4. Стратешкиот план за системот за пренос на природен гас,
5. Планот за развој на системот за пренос на природен гас,

6. Стратегијата за развој на енергетиката во Република Северна Македонија,

(2) Службеникот ги следи и врши контрола во однос на обезбедувањето на условите за:
1. транспарентност и недискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по било кој основ, и
2. доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас, како и за доверливост на деловните податоци при координација и соработка на НОМАГАС АД Скопје со други оператори на системи за пренос на природен гас во согласност со закон, Правилникот за деловна тајна на НОМАГАС АД Скопје и други прописи.

**Годишни извештаи**
**Член 8**

(1) Службеникот е должен до неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и Регулаторната комисија за енергетика да доставува годишни извештаи, за спроведувањето на Програмата за усогласеност и за преземените мерки за нејзиното спроведување, како и за значителни прекршувања во спроведувањето.
(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член службеникот го доставува до неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и Регулаторната комисија за енергетика, најдоцна до 31 јануари наредната година за претходната година.
(3) Годишниот извештај треба да содржи:
1. краток опис на податоците, информациите и документација која била предмет на проверка и следење,
2. мерките кои се преземени од страна на службеникот и постапувањето на органите и/или вработените на НОМАГАС АД Скопје по истите,
3. предлози, препораки, укажувања и предлог мерки за идно постапување.
(4) Ако службеникот утврди постоење на значителни прекршувања при спроведувањето на Програмата за усогласеност за тоа веднаш ја известува Регулаторната комисија за енергетика.
(5) Службеникот ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас, истовремено кога тие предлози се доставуваат до неизвршените членови на одборот на директори во својство на орган на надзор.
(6) Службеникот е должен на барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и ги достави сите податоци и документи поврзани со спроведувањето на Програмата за усогласеност.

**Едукација и обука на вработените од страна на службеникот за усогласеност**
**Член 9**

(1) Службеникот е задолжен за изготвување и спроведување на програма за едукација и обука на вработените во однос на примена на позитивните законски прописи, запознавање со политиките на друштвото, транспарентноста, независноста, управувањето со ризици, интегритетот и професионалната етика, како и за организирање на работилници за реализација на Програмата за усогласеност.
(2) службеникот може да организира советување за членовите на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ако смета дека тоа е во интерес на поуспешно извршување на работните обврски и овластувања.
(3) За извршувањето на работите наведени во овој член службеникот соработува со Одделението за човечки ресурси.

**Забрана за вршење на друга професионална дејност**
**Член 10**

За време на својот мандат, службеникот не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштво од енергетскиот сектор, корисник на системот за пренос на природен гас или со неговите содружници или акционери

**Услови за работа на службеникот за усогласеност**
**Член 11**

НОМАГАС АД Скопје на службеникот му обезбедува:
1. соодветни технички, административни и организациски услови/ресурси со цел непречено и ефикасно исполнување на неговите овластувања и работни задачи,
2. соработка со одборот на директори, раководителите на Сектори / Одделенија и вработените на НОМАГАС АД Скопје,

3. пристап до сите релевантни податоци и информации потребни за извршување на обврските од Програмата за усогласеност како и пристап до сите простории на НОМАГАС АД Скопје,
4. пристап до сите договори склучени од страна на НОМАГАС АД Скопје со корисниците на преносната мрежа, договори склучени со трети лица, како и пристап до документи поврзани со тие договори (комерцијални понуди, извештаи за прифаќање, меморандуми, фактури и друго),
5. присуство на состаноците организирани во рамки на НОМАГАС АД Скопје за кои смета дека се важни за извршување на неговата должност, и
6. да даде свое мислење во однос на кој било предложен внатрешен акт/документ на НОМАГАС АД Скопје или дејство во врска со усогласеноста со позитивно-правните прописи, во согласност со Програмата за усогласеност.

**Право на пристап и користење на информации**
**Член 12**

(1) Извршниот директор и/или вработените во НОМАГАС АД Скопје се должни по барање на службеникот да му ги достават/обезбедат бараните податоци и информации..
(2) Барањето за доставување на податоци и/или информации службеникот го поднесува во писмена форма преку архивата на НОМАГАС АД Скопје или по електронски пат преку официјален е-маил.
(3) Ако извршниот директор и/или вработените во НОМАГАС АД Скопје не му ги достават на службеникот бараните податоци и/или информации должни се за причините за недоставувањето писмено да го известат.
(4) Во случај на непостапување по став (1) и (3) од овој член од страна на извршниот директор на НОМАГАС АД Скопје, службеникот веднаш ги информира неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.
(5) Во случај на непостапување по став (1) и (3) од овој член од страна на вработените во НОМАГАС АД Скопје, службеникот е должен за истото веднаш да го информира извршниот директор на НОМАГАС АД Скопје.
(6) Добиените податоци и информации службеникот е должен да ги чува внимателно и доверливо и истите не смее да ги користи спротивно на интересите на НОМАГАС АД Скопје, интересите на корисниците на системот за пренос на природен гас, односно не смее да ги користи за лични потреби или за потребите на трети лица.

**Престанок на мандатот на Службеникот за усогласеност**
**Член 13**

(1) Службеникот ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.
(2) Службеникот чиј мандат е истечен, ја врши функцијата до именување на нов службеник.
(3) На службеникот му престанува вршењето на функцијата пред истекот на мандатот ако:
   1. поднесе оставка,
   2. настане трајна или привремена неспособност за непречено извршување на функцијата подолго од шест месеци или во случај на смрт,
   3. со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор за сторено кривично дело во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење подолго од шест месеци.
(4) Неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, во рок од 7 (седум) дена од дознавањето за исполнетост на условите од ставот (3) на овој член донесуваат одлука за престанок на функцијата на службеникот и за тоа ја известува Регулаторната комисија за енергетика.

**Постапка за разрешување на Службеник за усогласеност**
**Член 14**

(1) Службеникот може да биде разрешен од неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика од функцијата на која е именуван пред истекот на мандатот, ако:
   1. несовесно и нестручно ја врши функцијата,
   2. извршил повреда на обврските за непристрасност и независност,
   3. ја злоупотребил функцијата, или
   4. на друг начин работел спротивно на законот.
(2) Службеникот може да биде разрешен од неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, по барање на Регулаторната комисија за енергетика.
(3) Во случај на предвремено разрешување, службеникот е должен во рок од 15 работни дена по донесувањето на одлуката за негово разрешување, да изготви список на документи поврзани со неговото работење што ги поседува,

конечен извештај за своите активности и списокот на документи и документите кои ги поседува заедно конечниот извештај за своите активности ги доставува до неизвршните членови на одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на одобрувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 16**

Со денот на отпочнување на примената на овој Правилник, истиот се објавува на огласна табла на НОМАГАС АД Скопје, како и на официјалната веб страницата на НОМАГАС АД Скопје.